Врз основа на член 19 став (1) точка 11) од Законот за ревизија ('Службен весник на РМ' бр. 158/2010, 135/2011, 50/2012, 188/13, 43/14, 138/14, 145/15 192/15, 23/2016 и 83/2018), а во врска со член 25 и член 51 од Статутот на Институтот на овластени ревизори на РМ (ИОРРМ), Управниот одбор на ИОРРМ на предлог на Комисијата за контрола на квалитетот на ревизорски услуги на седницата одржана на 22.11.2018 година ја усвои следната

# ТРИГОДИШНА ПРОГРАМА

## за работа на Комисијата за контрола на квалитетот на ревизорските услуги за периодот 2018 - 2020 година

1. Тригодишната програма за работа на Комисијата за контрола на квалитетот на ревизорски услуги (во натамошниот текст: комисијата) за периодот 2018-2020 година, се изработува врз основа на надлежностите на комисијата уредени со Статутот на ИОРРМ.

2. Тригодишната програма за работа на комисијата ги содржи следните активности:

   - Придржување до целите на Акцискиот план кој се доставува до IFAC за имплементирање на ефективна и ефикасна програма во согласност со СОЧ1[1].

   - Изготвување и усвојување на Годишен извештај за наодите од извршените контроли во периодот 2018-2020 година.

   - Подготвување на презентација во рамките на програмата за КПУ, за наодите, заклучоците и препораките од проверките на контролата извршени во периодот 2018-2020 година како и за резултатите од последователните проверки.

   - Подготвување на општи статистички податоци за екстерна комуникација.

   - Измени и дополнување на Правилникот за начинот и постапката на контрола на квалитетот на друштвата за ревизија и на овластен ревизор – трговец поединец за усогласување со Законот за ревизија и негова имплементација.

   - Подготвување на циркуларни писма од областа на примена на стандардите за ревизија прифатени во Република Македонија, по потреба.

   - Ажурирање и развивање на методологијата за начинот и постапката на контрола на квалитетот на друштвата за ревизија и на овластен ревизор – трговец поединец, доколку има потреба.

   - Изготвување и усвојување на Годишен план за контрола на квалитетот во периодот 2018-2020 година.

   - Следење на спроведувањето на Годишен план за контрола на квалитет во периодот 2018-2020 година.

---

[1] Statement of Membership Obligations

*На 19.12.2018 година, СУНРРМ даде согласност на Тригодишната програма за работа на Комисијата за контрола на квалитетот на ревизорски услуги за периодот 2018-2020 година*

- Проследување на резултатите од спроведените порверки на контрола на квалитет до соодветните комисии во рамките на ИОРРМ и/или Управниот одбор на ИОРРМ.
- Изготвување на периодичен извештај од спроведените проверки на контрола на квалитет и негово проследување до Управен одбор на ИОРРМ.
- Согласно резултатите од проверките на контролата на квалитетот, доставување на информации и предлози до Комисијата за образование, обука и публикации за цели на дизајнирање на план и програма на обуки.
- Други прашања поврзани со контролата на квалитет.

3. Оваа Тригодишна програма стапува во сила со денот на нејзиното усвојување од страна на Управниот одбор на ИОРРМ, а ќе се применува по добивање на согласност од Советот за унапредување и надзор на ревизијата на РМ.

***Драган Димитров***
***Претседател на ИОРРМ***

*На 19.12.2018 година, СУНРРМ даде согласност на Тригодишната програма за работа на Комисијата за контрола на квалитетот на ревизорски услуги за периодот 2018-2020 година*